**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-74/4**
**04.02.2025 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) ја издава следната

## П О Т В Р Д А
## за заверка на одобрена планска програма

Се одобрува Планска програма за изработка на Урбанистички План вон населено место за индустриска зона ,,Блокотехна,, КО Негорци, општина Гевгелија со тех.бр.0108/24 од ноември 2024г.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Општина Гевгелија со адреса на ул.,,Димитар Влахов,, бр.5 преку полномошник Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ,,ИН-ПУМА,, дооел Скопје во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.66636) поднесе барање за одобрување на Планска програма заведено под арх.бр.11-74/1 од 28.01.2025год., а изработена од ДПТУ ,,Пеолео,, дооел Скопје за Урбанистички План вон населено место за индустриска зона ,,Блокотехна,, КО Негорци, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 0108/24 од ноември 2024год., изработена од ДПТУ ,,Пеолео,, дооел Скопје.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-74/3 од 28.01.2025година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24). Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2025.02.04 13:32:58 +01'00'

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk